# ПРВ КВАРТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ

## ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА ПРЕПОРАКИТЕ
## ОД ПРОЦЕНКАТА НА РАНЛИВОСТ ОД КОРУПЦИЈА
## ВО ДРЖАВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ И ЛОКАЛНА ВЛАСТ
## ВО ОБЛАСТА
## ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ, УРБАНИЗАМ И ГРАДЕЖНИШТО

**за периодот јануари- март 2022**

Овој извештај е подготвен од Транспаренси Интернешнл - Македонија со поддршка на американскиот народ преку Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД). Мислењата изразени во овој извештај не ги изразуваат ставовите на Агенцијата на САД за меѓународен развој или на Владата на Соединетите Американски Држави.

април 2022

# Вовед

Во Рамките на Проектот: „Проценка на ранливоста кон корупција во државните институции и локални власти за просторно планирање, урбанизам и градежништво”, активностите за проценка беа спроведени во  периодот од 08 февруари до 31 октомви 2021 година.
Согласно Компонента 2 од проектот предвидено е организирано следење на имплементацијата на препораките од Проценката во текот на двата квартали (јануари – март 2022 година и април– јуни 2022 година за што ќе бидат изготвени два квартални извештаи.
Со овој прв квартален извештај  се следат препораките на детектираните ризици од коруппција кои се однесуваат на:

- **Законот за урбанистичко планирање**, број на Службен весник: 32/2020 од 10.02.2020
- **Правилникот за урбанистичко планирање**, број на Службен весник на РСМ: 225 од 18.09.2020
- **Законот за градење**, Службен весник на Република Македонија“ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15,226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 18/20 и 279/20
- **Законот за градежно земјиште**, Службен весник на Република Македонија“ бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 275/19

Со анализата на претходно наведените закони од областа на градежништовото и урбанизмот, детектрани се 25 ризици од појава на корупција и дадени се вкупно 36 препораки за намалување на ризикот од корупција.
Во рамките на овие ризици и препораки предложен е период од една година за целосно спроведување на препораките, сепак ние со овој мониторинг извештај ќе ја следиме нивната имлементација континуирано на секои три месеци.
Овој извештај ќе се фокусира на следење на дел од активностите кои надлежните институции ги преземале, а кои се однесуваат или може да влијаат на спроведувањето на препораките.
Основната цел на овој мониторинг е да се воспостави континуитет во следење на спроведување на препораките од страна на надлежните институции кои ги прифатија наодите од  извештајот.
Од друга страна Целта на  овој мониторинг  е да објасни кои мерки и активности треба да се преземаат од страна на институциите за да се обезбеди ефикасно следење на имлементација на препораките.

## Резиме за имплементираноста на препораките во првиот квартал

Законските и подзаконските акти кои се однесуваат на урбанизмот имаат одредби кои не се до крај дефинирани поради што се прави невоедначена примена во праксата. Покрај тоа, во делот на институционалната поставеност, постои недоволна регулираност на надлежностите на институциите на централната и на локалната власт, начинот на работење на овие институции, како и функционирањето и разграничувањето на надлежностите на органите кои се под нивна надлежност. Со други зборови, повеќе органи имаат надлежности за спроведување на прописите кои се однесуваат на урбанизмот и на просторното планирање. Од една страна се минимизира ризикот од концентрација на моќта во една институција, но од друга страна во праксата се создава конфузија во поглед на надлежностите и преземањетона активностите, како и толкувањето на законските членови, кои можат да доведат до различна примена. Во овие закони е пропишано учество на граѓаните, но во праксата нивното учество е минимализирано, бидејки постои можност да бидат корстени правните празнини од овие закони. Исто така, секторот за Урбанизам и другите надлежни институции кои се надлежни за урбанизмот и градежништвото ги користат овие правни празнини, кои пред се произлегуваат од многуте донесени подзаконски акти и правилници, но и многуте измени на законските одредби. Главната база за овие пропусти лежи во недефинираност на главните законски одредби.

Она што би сакале да го потенцираме во однос на анализа за процентуалното исполнување на препораките е дека **процентуалниот износ искажува многу ниско ниво во исполнување на препораките од овој прв квартален мониторинг**, сепак мора да се напомене дека постои зголемена активност на локалната и извршната власт со цел да се имлементираат препораките. Исто така треба да се земе предвид дека постои застој во имлементацијата по однос на промена и донесување на нови законски и подзаконски акти акти со оглед дека во изминнатиаот период бевме во фаза на Ковид 19 пандемија, поради што генерално процесот во сите институции оди забавено во доколку се направи споредба во функционирање на системот во нормални услови.




Графикон 1. Имплементираност на препораките




Графикон 2. Имплементираност на препораките во Законот за урбанистичко планирање




Графикон 3. Имплементираност на препораките во Правилникот за урбанистичко планирање




Графикон 4. Имплементираност на препораките во Законот за градење




Графикон 5. Имплементираност на препораките во Законот за градежно земјиште

Но, од друга страна до повеќе општини кои учествуваа, но и кои не учествуваа во проектот беше испратено барање за слободен пристап до информации од наша страна во врска со фазата за имплементација на препораките за намалување на ризикот од корупција. Исто така барање за слободен пристап на информации беше испратено и до МзТВ.

Сите институции до кои беше испратено ова барање позитивно одговорија и беше даден одговор во врска со превземените активности.

- **Закон за урбанистичко планирање**, број на Службен весник: 32/2020 од 10.02.2020, постои делумно спроведување на еден дел односно на член 45 од законт кој водено беше предмент на анализа на ризиците од корупција.
- **Правилникот за урбанистичко планирање**, број на Службен весник на РСМ: 225 од 18.09.2020, не постои имлементирање на препораките туку донесена е измена и дополнување на Правилникот за урбанистичко планирање број на Службен весник 219/21
- **По однос на законот за Законот за градење**, Службен весник на Република Македонија“ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15,226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 18/20 и 279/20 и
- **Законот за градежно земјиште**, Службен весник на Република Македонија“ бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 275/19 не постои имлементирање на препораките.

Од самото спроведување на препораките активност има кај препораките во Законот за Урбанистичко Планирање сл.весник 32/20 од 10.02.2020.
Може да констатираме, дека и покрај тоа што постои политичка волја за остварување на препораките, се уште не постојат конкретни видливи резултати. Нивото на спроведување на препораките се уште е многу ниско, што е очекувано со оглед на краткиот временски период. Сепак, нотирани се веќе презементе претходни активности, од типот на состаноци, координација и предлагање на мерки за начинот на реализација.
Факт е дека **реформите во урбанизмот се долг** процес кој зависи од бројни фактори. Органите на извршната и на локалната власт, кои имаат надлежност во врска со позитивните законските прописи од областа на урбанизмот и просторното планирање, како и нивно спроведување **потребно е да бидат поактивни** со цел да се намали ризикот од корупција во тие органи но и да се подигне свеста во институциите, односно секое неменување на ризичните законски одредби значи уште еден чекор наназад. **Големите дискрециони овластувања** на локалната власт, недостиг на добро формулирани законски одреби, судир на законските одредби како и различното толкување на законските норми од една страна, но и честото менување на законите од друга страна, создава ризик од зголемување на корупција и судир на интереси.
Намалување на дискреционата моќ на локалната власт и како и да функционален државен механизам кој ќе има воља да ја намалува корупцијата, зголемување на транспарентноста преку акитвно учество на јавноста (сега тоа не е случај) од една страна, но и соработката со ДКСК се круцијалните столбови за успешно спроведување на препораките.

## Препорака

Надлежните институции треба да продолжат и да се заложат заедно и координирано да работат на делотворно спроведување на препораките и во координирано следење на нивното спроведување. Во таа насока можат да се создадат работни групи за изнаоѓање на решенија за спроведување на препораките, кои директно и непосредно ќе се преземаат од страна на надлежни чинители, а со тоа и ќе се одразат на квалитетот на работата на органите во сферата на анализираните области.

На тој начин исто така ќе се обезбеди поголемо разбирање за очекуваните промени и организиран пристап во спроведување на препораките, што ќе создаде услови за подобрување на состојбите во сверата на градежништвото и урбанизмот.
Создавањето на ефикасни и ефективни органи како и зајакнување на професионализацијата и интегритетот на локалната и извршната власт, што директно се фактори од кои се очекува да влијаат врз намалување на можноста од корупциски влијанија во постапките поврзани со урбанизмот.

Во насока на натамошно организирано и ефективно следење на спроведувањето на овие препораки надлежните институции треба да се задолжат навреме да ја известуваат ДКСК за п еземените дејствија кои се поврзани со препораките и активностите.

### Методологија на следење на спроведувањето на препораките

<u>Мониторингот го спроведовме на основа на анализа на јавни извори на податоци како што се:</u>

1. Соопштенијата од Службен весник на Република Северна Македонија - со цел да го следиме донесувањето на новите закони, но и измената и дополнувањата на постоечкитезакони.[1]
2. Соопштенија и документи објавени на веб страната на Електронски национален регистар на прописи на Република Северна Македонија (ЕНЕР) – со цел да ги следиме новините кои се предлагаат во однос на легислативните решенија. места.[2]
3. Соопштенија објавувани од страната на Министерството за транспорт и врски (МзТВ) – со цел да се следат најновите случувања во оваа институција која е надлежна за иницирање на измени на постојните законски прописи како и активностите кои се предлагаат и преземаат.
4. Соопштенија објавувани од страните на општините, локаната власт – со цел да се следат најновите случувања во овие институции кои се е надлежни за иницирање на измени на постојните законски прописи како и активностите кои се предлагаат и преземаат.
5. Соопштенија и одлуки објавени на веб страната на Владата на Република Северна Македонија – за да се согледа дали постои политичката волја за спроведување на

[1] http://www.slvesnik.com.mk/besplatni-izdanija.nspx?pYear=2020
[2] https://ener.gov.mk/

препораките, координацијата и соработката помеѓу институциите и мерките и активностите кои се предлагаат и преземаат.[3]

## Анализа на наодите

1. Од анализата на прописите објавен во Службен весник на Република Северна Македонија констатираме дека нема значителна активност од препораките кои се однесуваат на донесување на нови законски решенија, или измени во постојните законски прописи, со кој би се намалил ризикот од корупцијата. Особено закгрижувачки е податотокот дека сеуште не постои законска рамка за намалување на дискреционите овластувања на градоначалниците и Министерот за транспорт и врски.

Не се донесени измени и дополнување на дел од предложените закони во препораките како што се
1.**Законот за Законот за градење**, Службен весник на Република Македонија" бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15,226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 244/19, 18/20 и 279/20 и
2. **Законот за градежно земјиште**, Службен весник на Република Македонија" бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19 не постои имлементирање на препораките.
3. По однос на **Закон за урбанистичко планирање**, број на Службен весник: 32/2020 од 10.02.2020 постои објава на ЕНЕР која сеуште е со отворен статус, додека за дел од препораките се иницира измена на член 45 од детектиранте ризици.
4. **Правилникот за урбанистичко планирање**, број на Службен весник на РСМ: 225 од 18.09.2020 иако е донесен релативно брзо по донесувањето на законот за урбанистичко планирање загрижувачки е фактот што постои измена и дополнување на правилникот и истата е евидентирана во Службен Весник на РСМ 219/21.

Сепак, сметаме и дека е рано да очекуваме законите да бидат донесени, затоа што станува збор за подолготраен процес. Од анализата на податоците објавени на Електронски национален регистар на прописи ЕНЕР констатираме дека веќе се објавени соопштенија за Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за урбанистичко планирање од 17.12.2021 до 17.01.2022 доставен предлог за измена на законот во делот за да се излезе во пресрет на потребите на единиците на локална самоуправа како носители на процесот на урбанистичко планирање, да се поедностават одредени чекори од процесот и да се овозможи повисок степен на флексибилност во делот на содржината на урбанистичките проекти. Исто така, целта е и да постои рамномерен просторен развој создавање и унапредување на условите за хумано живеење и работа на граѓаните. Овој предлог е со отворен статус.

[3] https://vlada.mk/

Понатаму, постои Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за урбанистичко планирање во февруари 2022 додека во март е доставен предлог законот до Генералниот секретаријат, но сеуште овој предлог е со отворен статус. Иако нема посебна активност во деот за спроведување на препораките од страна на подносителот МзТВ е констатироно дека Законот за градење не е усогласен со Законот за урбанистичко планирање, додека Законот за урбанистичко планирање треба да се усогласи со Законот за јавните набавки.

Делумно постои имлементација на препораката во делот кој се однесува дека е потребно да се прецизира субјектот кој е должен да ги надомести трошоците за изработување на услови за планирање на просторот и треба да се се прецизира начинот на кој што се одобрува планската програма за урбанистичките планови. Исто така на ЕНЕР е истакнато дека мора да се усогласи Законот за градење со Законот за урбанистичко планирање и да се усогласи Законот за урбанистичко планирање со Законот за јавните набавки.

Од страна на на предлагачот МзТВ е препорачано решение со образложение да биде донесен овој предлог закон заради пропишување на предложените одредби со кои се даваат можности за поедноставување на постапките за изработување, донесување и спроведување на урбанистичките планови и воведување на поголема флексибилност во улогите на учесниците во постапките, како и во однос на содржината на урбанистичките проекти од членот 58 од законот и усогласување на законите. Во секој случај посоти потреба од менување на закони и подзаконска регулатива во областа или други сродни области. Од друга страна за спроведувањето на овој закон има потреба од корелативно менување на други закони од сродни области, како и рок за нивно донесување

Понатаму на ЕНЕР стои дека е донесен предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за урбанистичко планирање во февруари 2022, додека во март е доставен предлог на законот до Генералниот секретаријат, но сеуште овој предлог е со отворен статус. Со овој предлог закон се инцирани повеќе измени и опфатен е член 45 кој беше дел од утврдените ризици.

Од анализата на соопштенијата објавени на веб страната на МзТВ, во периодот од јануари до март 2022 година констатираме дека не значителна активност, носепак како што е наведено и претходно се преземаат некои активности кои се однесуваат на исполнување на препораките наведени во Финалниот извештај од проектот. Од ден 16.01.2022 во Владата е наименуван Заменик на Претседателот на Владата задолжен за политики за добро владеење кој ќе биде одговорен за доброто управување и воедно одговорноста на оваа должност е да се заложи за намалување на корупцијата и да се почитува принципот на доброто управување во сите сегменти во јавните инстиуции, вклучувајќи го делот со урбанизмот.[4]

На 22.09.2020 година, Владата усвои Кодекс за етичко однесување за членовите на Владата и носителите на јавни функции именувани од страна на Владата.[5] Кодексот покрај членовите на Владата и министрите ги опфаќа и сите други функционери назначени од

[4] http://www.mtc.gov.mk/
[5] https://vlada.mk/sites/default/files/img/etichki_kodeks.pdf

Владата, Основната намена на Кодексот е обезбедување на отчетно и транспарентно работење на функционерите на извршната власт, односно градење на систем на доверба и транспарентост, со цел да биде намалена корупцијата и зголемување на транспарентноста. Повеќе од потребно е да биде зголемена транспарентноста во делот на урбанизмот особено во постапките со носење на ДУП и јавните набавки. Исто така потребно е да биде застапено и начелото на јавност кое е дел од анализата на овој проект , а кое начело претставува и дел од транспарентниот принцип на работа во секторот на урбанизам, во општините.[6]

## Оценка на спроведувањето на препораките

Со оглед на анализираните податоци во однос на препораките, поконкретно го констатираме следново:

А. **Закон за урбанистичко планирање**, број на Службен весник: 32/2020 од 10.02.2020

Во однос на овој закон постојат вкупно препораки (вкупно 13 препораки) кои се однесуваат на промена на одредени членови кои претставуваат ризик од корупција.Во текот на тримесечното набљудување може да констатираме дека ниту една од препораките не се целосно реализирани, при тоа дел воопшто не се реазлизирани, а за дел се преземени одредени активности. Ова се должи пред се на тоа што во овој период не се извршени измени и дополнувања на важечкиот закон, но исто така не постојат донесени подзаконски акти. Но, она што го нотиравме е дека сепак се преземени чекори и мерки со кои се очекува дека најверојатно во наредниот период би дошло и до исполнување на некои од препораките, а тоа е фактот што на официјалната страна на Електронски национален регистар на прописи е дадена информација за отпочнување на процедурата за подготовка на Предлог Закон за изменување и дополнување на предлог законот за Урбанистичко планирање:

Б. Во однос на препораките кои се однесуваат на **Правилникот за урбанистичко планирање**, број на Службен весник на РСМ: 225 од 18.09.2020 не се направени измени. Иако правилникот за урбанистичко планирање е донесен во втората половина на 2020 година, веќе во септември 2021 направени се низа измени на повеќе законски одедби што укажува на фактот дека сам по себе овој акт преставува некомлетен, бидејќи секоја измена на законски или подзаконски акт значи дека не ѓи опфаќа детално сите области кои ги регулира. Од друга страна постојат недоречености од законскиот текст.[7]

В. Во однос на **Законот за градење**, Службен весник на Република Македонија“ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15,226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 18/20 и 279/20, не постои активност за промена на постоечките членови кои претставуваат ризик од

[6] https://vlada.mk/vlada-ministerstva

[7] https://www.slvesnik.com.mk/Issues/bccedb5ad00c4178a1e656ba125b05f0.pdf

корупција.Од друга страна и овој закон има многу измени што секоја измена сама по себе занчи ризик од корупција.
Г. **По однос на Законот за градежно земјиште**, Службен весник на Република Македонија“ бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 275/19, не постои активност за промена на постоечките членови кои претставуваат ризик од корупција.Како и претходниот закон и овој закон има измени , а тоа значи дека сам посебе го зголемува ризикот од корупција.

## Заклучок

Во однос на преземање на мерки кои се предложени во препораките, а кои се однесуваат на потребата од донесување на нови или измена и дополнување на постоечките законски решенија пред се **Закон за урбанистичко планирање, Правилникот за урбанистичко планирање, Законот за градење и Законот за градежно земјиште** може да констатираме дека истите сеуште не се целосно имлементирани. Од информациите што ги добивме од МзТВ се укажува на тоа дека не постои постапка за изменување и дополнување на законот за градежно земјиште со исклучок на доставените измени и дополнувања во текот на месеците април и мај 2021 но поради епидемијата со Ковид 19 истите не се сеуште усвоени.

Министерството за транспорт и врски во официјален допис не извети дека по однос за законот за Урбанистичко планирање подготвен е Предлог закон за изменување и дополнување на законот за Урбанистичко Планирање. Овој предлог закон е објавен на интернет страницата ЕНЕР на ден 17.12.2021, но сеуште е со отворен статус.

Други препораки се однесуваа на недоволната синхронизираност на законите, нетранспарентост во работата на локалната власт, не постои контрола над работењето на општините, маргинализација на граѓанскиот сектор нема да донесе намалување на корупцијата во урбанизмот и градежништвотото.

Од друга страна недоволна застапеност на јавна расправа и недоволна транспарентност при изготвување на подзаконски акти, многу промени и дополнувања на законите како и создадени правни празнини, преку носење на правилници кои сами по себе претставуваат опасност од корупција, **се дополнителен чекор на приближување до корупциски практики.**

Може да костатираме дека и понатаму постои недоволна дефинираност на постапките за изработка и донесување на урбанистичките планови и поактивна и недоволна ангажираност на Инспекциските служби, поради што се јавува и потреба од јакнење на нивните капацитети како на централно така и на локално ниво. Казните не се строги, а треба да постојат и одредби со кои ќе биде дефинирана причинетата штета. Постои недоволна

заштита на животната средина затоа што фокусот на локалната власт е урбанизација и носење на ДУП , без да се внимава на зелените површини, а постоењето на закони и подзаконски акти  со кои се регулира иста или слична материја предизвикува состојба на судир на законите .

Сеуште постојат и големи дискрециони овластувања во локалната самоуправа како и на Министерот за Транспорт.

Имајќи го предвид претходното во однос на спроведувањето на препораките може да констатираме дека нивото на спроведување на препораките сеуште е многу ниско. Ова е очекувано со оглед на краткиот временски период Но нотирани се и веќе преземените претходни активности, од типот на состаноци, координација и предлагање на мерки за начинот на реализација.

Сепак се работи за мониторингот спроведен за првиот квартал, секако во период во кој беше целиот свет зафатен со Ковид 19 пандемија, од една страна,  но и целосна промена на владиниот состав во јануари 2022. Имајќи ги предвид овие два битн факти не беше возможно да се следат сите препораки. Не помалку важно е дека во овој перијот се случија и промена во локалната власт со избор на нови градоначалници па поради тоа не постоеше координираност од институциите од локалната власт, имајќи го предвид фактот дека со проектот беа подобро запознаени претходните градоначалници.

## Препорака

Надлежните институции треба да продолжат и да се заложат заедно и координирано да работат на делотворно спроведување на препораките и во координирано следење на нивното спроведување.

Во таа насока можат да се создадат работни групи за изнаоѓање на  решенија за спроведување на препораките, кои директно и непосредно ќе се преземаат од страна на надлежни чинители, а со тоа и ќе се одразат на квалитетот на работата на јавните органи во сферата на анализираните области.

На тој начин исто така ќе се обезбеди поголемо разбирање за очекуваните промени и организиран пристап во спроведување на препораките, што ќе создаде услови за подобрување на состојбите во сверата на градежништвото и урбанизмот.

Тоа како краен ефект може да придонесе кон создавање на ефикасни и ефективни органи и зајакнување на професионализацијата и интегритетот на вработените од секторот за урбанизам во локалната власт, но и намалување на дискреционите овластувањана на градоначалниците и Министерот за транспорт и врски. На овој начин ќе се елиминира влијанието на корупцијата во овие сектори особено во урбанизмот кој е многу подложен на коруптивни влијанија.

Во насока на натамошно организирано и ефективно следење на спроведувањето на овие препораки надлежните институции треба да се задолжат навреме да ја известуваат ДКСК за преземените дејствија кои се поврзани со препораките и активностите.

**Податоци кои ги бараме**

| Службен весник |
| --- |
| Објавени промени на законски или подзаконски акти |

| МзТВ |
| --- |
| Следење на мерките кои ги презема Министерството |
| Информации во однос на процесот за донесување на промени на постоелките закони кои беа предмет на оваа анализа, Закон за урбанистичко планирање, Правилникот за урбанистичко планирање, Закон за градење и Законот за градежно земјиште. |
| Обуки |
| Контролен механизам во однос на издавање согласност на Правилниците |
| Состаноци  и работилници |

| Локална Власт- општина |
| --- |
| Мерките кои ги презема локалната власт –Општините |
| Информации во однос на процесот за донесување на промени на постоелките закони кои беа предмет на оваа анализа, Закон за урбанистичко планирање, Правилникот за урбанистичко планирање, Закон за градење и Законот за градежно земјиште. |

| Обуки и состаноци |
|---|

| ЕНЕР |
|---|
| Објавени промени на законски или подзаконски акти |

| Влада |
|---|
| Мерките кои ги презема |
| Работењето и активностите на заменик Претседателот на Влада за добро управување |

## Анализа на наодите

1. Од анализата на прописите објавен во Службен весник на Република Северна Македонија констатираме дека ниту една од препораките кои се однесуваат на донесување на нови законски решенија не е спроведена. Не се донесени ниту измени и дополнување на дел од предложените закони во препораките како што се **Закон за урбанистичко планирање, Правилникот за урбанистичко планирање, Законот за градење и Законот за градежно земјиште**.

Ние се обративме до вкупно до МзТВ, во официјален допис не извети дека по однос за законот за Урбанистичко планирање подготвен е Предлог закон за изменување и дополнување на законот за Урбнизам. Овој предлог закон е објавен на интернет страницата на Единствениот национален електронски регистар на прописи од Република Северна Македонија на ден 17.12.2021 но сеуште е со отворен статус.

Имајќи го предвид се претходното може да констатираме во однос на спроведувањето на препораките е дека нивото на спроведување на препораките сеуште е многу ниско, што е очекувано со оглед на краткиот временски период. Сепак, нотирани се и веќе преземените претходни активности, од типот на состаноци, координација и предлагање на мерки за начинот на реализација.

.

2. Беа испратени барања за информации од Јавен карактер по електронска пошта до дванаесет општини кои не известија дека од нивна страна не е направена иницијатива односно не е даден предлог до министерството да се иницираат измени согласно препораките. Поголем дел од општините одговорија на доставени дописи за слободен пристап од информации од јавен карактер дека тие не се надлежни да иницираат измена на законскиот текст, особено на прописите во урбанизмот дека за тоа единствено е надлежно МзТВ. Иако од нив беше побарано да кажат дали од страна на локалната власт била дадена иницијатива за конкретна промена, со цел да се спроведуваaат препораките. Додека траеше мониторингот мал дел од општините дадоа одговор дека работат на следење на препораките од извештајот и во тек се превземање на активности согласно спроведувањето на препораките од извештајот.
3. Редовно беше следен ЕНЕР каде што се објавени некои измени на законскиот текст од Законот за урбанистичко планирање, но истите се со отворен статус. Можеме да констатираме дека не постои забележителна активност за следење на препораките.
4. На ден 16.03.2021 беше одржана средба со дел од општините односно со овластени лица од одделот за урбанизам како и со претставници на ДКСК. На овој состанок се разговараше за активностите кои треба да се превземат во врска со препораките и дали воопшто постои активност за спроведување на препораките. Беше забележано дека не постои активност, исто така беше дојдено до заклучок дека во иднина поактивно ќе се работи за спроведување на препораките. Дел од претставниците се согласија дека законот за Урбанистичко планирање како и правилникот треба да бидат доуредени бидејки постои судир на интереси со повеќе закони меѓу кои Законот за градење и законот за градежно земјиште.

Со оглед на доегашните активности во овој прв квартален извештај може да се заклучи дека не постои значителен напредок во имлементација на препораките, но исто така треба да се напомене дека од страна на МзТВ како и претставниците на локалната власт постои волја за соработка со цел да бидат намалени ризиците од корупција кои беа предмет на оваа анализа. Не треба да се заборави дека целиот проект но и првиот дел од мониторингот беа правени во услови на Ковид 19, па така МзТВ како и локалната власт,но и сите државни тела и институции својата работа ја извршиуваа од дома поради што и на некој начин беа оневозможени да иницираат промени на законските текстови односно донесување на нови законкси одредби.

**Табела 1. Закон за Урбанистичко планирање, број на Службен весник: 32/2020 од 10.02.2020**

| | Анализа | Ризик | Препорака | Надлежни институции | Рок | Мониторинг |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Нема одредби со кое се регулира начелото на јавност и јавната достапност на анализата за настанатите промени. Ова постои во телата што се предвидени зо законот Само не е уредено дека е задолжително да дадат мислење и тоа мислење да се земе во предвид | Непостоењето на начелото за јавност ќе значи голема дискреционата моќ на локалната власт, нетранспарентност и зголемен ризик од корупција. | Потребна е подетална анализа на состојбите за да се обезбеди синхронизација на законските одредби.<br>Да се избенуваат носење на правилници и други сложени подзаконски акти.<br>Да се поедностават процедурите во дигитализирана и транспарентна постапка | Министерство за транспорт и врски (МТВ), единици на локална самоуправа ДКСК | 1 година | Препораката не е спроведена |
| 2. | Законот е е донесен 2020 година, не постои детално уредување за тоа што е стратегиско значење, кои градби имаат општинска природа. | Постои можност за различно толкување и различна примена на овие одредби. | Оберзбедување на обука и водичи за соодветна примена на законот | Министерство за транспорт и врски (МТВ), единици на локална самоуправа ДКСК | 1 година | Препораката не е спроведена |
| 3. | Согласно член 2: Отсуството на дефиниција за бруто-површина, нема детална регулатива за тоа што и колку е "бруто површина". | Не се прецизра што се подразбира под бруто површина, нема регулација ниту со подзаконски акт. Ризикот од вака генерално и паушално поставени законски одредби го нарушува принципот на добро владеење и претставува ризик од дискреционио одлучувања и појава на корупција и судир на интереси. | Потребно е точно да биде дефинирана бруто површината, на колкава површина се мисли, и која површина ќе се смета за бруто. | Министерство за транспорт и врски (МТВ), единици на локална самоуправа ДКСК | 1 година | Препораката не е спроведена |
| 4. | Законот за урбанистичко планирање ја отстранил можноста за суспендирање | Законските одредби не предвидуваат јасни правила на | Потребно е да бидат предвидени децидни законски одредби, се јавува потреба од промена на | Министерство за транспорт и врски (МТВ), единици на | 1 година | Препораката не е спроведена |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | на урбанистичките планови во случај кога ќе се утврди дека истите не се во согласност хиерархиски планови. | постапување и одлучување, но нема регулација која укажува, доколку на терен се случат промени- штетни последици настанати како резултат на спроведувањето на планот. Нема регулатива за постапката во врска со суспензијата на плановите, и какви последици може да таа постапка. Поради оваа правна празнина се појавува ризик од корупција и судир на интереси. | текстот кои се однесуваат за суспендирање на урбанистичките планови.<br><br>Органот кој ги дава забелешките на општината потребно е задолжително да излезе на терен да направи увид на состојбата , потоа да се даваат забелешки. | локална самоуправа ДКСК | | |
| 5. | Во член 2 не е прецизно наведено што значи „органот на државната управа надлежен за уредување на просторот“.<br><br>Не постојат категорични норми по однос на тоа кој е органот кој постапува по жалба на овие решенија, бидејќи нема дефинирано кој е органот кој надлежен за уредување на просторот. | Недефинираноста во законскиот текст е ризик од корупција како и судир на интереси. | Дефинирање на титуларот , кој е органот што ја фомира комисијата за урбанизам.<br><br>Стои само: “министерот на орган на државната управа надлежен за уредување на просторот”. (нема дефиниција за кој орган со точен назив станува збор). | Министерство за транспорт и врски (МТВ), единици на локална самоуправа, ДКСК | 1 година | Препораката не е спроведена |
| 6. | Членот 22, го уредува планскиот период на донесување на урбанистичките планови, роковите за изработка, анализа на спроведување | Ваквата регулација претставува правна празнина во законскиот текст, кој ќе предизвика различни толкувања и | Потребно е да бидат предвидени децидни законски одредби, се јавува потреба од промена на текстот кои се однесуваат за суспендирање на урбанистичките планови. Органот кој ги дава | Министерство за транспорт и врски (МТВ), единици на локална самоуправа ДКСК | 1 година | Препораката не е спроведена |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | на планот, и рокот за донесување на урбанистичките планови.<br><br>Сепак, Не постојат одредби кои даваат рок во кој мора да биде изготвена анализата, во законот стои дека постапката се продолжува, ако планот не биде донесен во предвидениот рок. | различна прмена во праксата , што како последица може да доведе до зголемување на можноста за појава на корупција или судир на интереси. | забелешките на општината потребно е задолжително да излезе на терен да направи увид на состојбата , потоа да се даваат забелешки. | | | |
| 7. | Донесување урбанистички планови за објекти и подрачја од државно значење, кои ги донесува Владата, е уредено со член 30, Комисијата за урбанизам го изготвува елаборатот за суспензија. Комисијата ја формира министерот на органот на државната управа надлежен за уредување на просторот, (нема дефиниција за кој орган со точен назив станува збор).Овој орган има овластување да даде мислење по однос на елаборатот и барањето за суспензија. | Одлуката за суспензија се донесува од донесувачот на планот, по претходно добиено мислење од министерот кој раководи со органот на државната управа. **(не постои дефиниција за кој орган на државна управа се работи).** | Да се дефинира дали донесувачот на планот е врзан со мислењето на министерот.<br><br>Донесување на итна правна регулација во случај на спротиставени документи- елаборатот на на Комисијата за Урбанизам е спротивен на мислењето на органот на државната управа. | Министерство за транспорт и врски (МТВ), единици на локална самоуправа, ДКСК | 1 година | Препораката не е спроведена |
| 8. | Законодавецот не навлегува во поврзаноста на донесувачот на планот, односно колку донесувачот на планот е врзан со мислењето на министерот. Не постои законска регулација што се | Се појавува ризик од законска празнина поради неусогласеност на законските одредби. | Недостасува законска регулатива , како да се постапи доколку стручниот елаборат изготвен од Комисијата за урбанизам и мислењето на органот на државната управа за уредување на просторот односно стручниот елаборат и мислењето се спротивставени. | Министерство за транспорт и врски (МТВ), единици на локална самоуправа ДКСК | 1 година | Препораката не е спроведена |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | случува ако одлуката е базирана на стручниот елаборат изготвен од Комисијата за урбанизам е спротивна од на мислењето на органот на државната управа за уредување на просторот, односно стручниот елаборат и мислењето да се спротивставени. | | Потребно е дефинирање на овие одредби, за да се избегне правната празнина. | | | |
| 9. | Не постои регулатива што станува со настанатата штета од суспендирањето на ДУП-планот, и кој ќе сноси одговорност за неотстранувањето на недостатоците на урбанистичкиот план и штените последици. | Недоволната синхронизираност на законските норми ќе значи појава на законски празнини кои ќе дадат можност на надлежните органи за зголемување на дискреционите овластувања, без одговорност. | Дефинирање на кој орган паѓа штетата и штетните последици во случај на суспендирање на планот. Доколку не се постапи по прибелешките и не се одстранети недостатоците, треба да се наведе каква е санкцијата за органот кој не постапил навремено. | Министерство за транспорт и врски (МТВ), единици на локална самоуправа, ДКСК | 1 година | Препораката не е спроведена |
| 10. | Во делот каде се регулира инспекцискиот надзор и дискрецоните овластувања, нема децидност и категоричност на нормите односно во постапките за издавање и одземање на овластувањата и лиценците. | Од големо влијание има одлуката односно дискреционите овластувања на субјектот кој носи решение за лиценци, а кои законодавецот не ги дефинирал.<br><br>Друг ризик постои во вршењето на надзор над спроведувањето на Законот, односно не е јасно дефиниран начинот и овластувањата. Ваквата регулација законот влијае на | Ограничување на дискреционите овластувања на Министерот за транспорт и врски.<br><br>Дефинирање на надлежност на повеќе органи кои ќе можат да издадат лиценци , но да постои контрола и соработка помеѓу нив, со цел да се намалат дискреционите овластувања на министерот. | Министерство за транспорт и врски (МТВ), единици на локална самоуправа, ДКСК | 1 година | Препораката не е спроведена |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | зголемување на ризиците од корупција и судир на интереси,преку искористување на правните празнини. | | | | |
| 11. | Кратки рокови согласно овој закон, со цел побрзо донесување на ДУП, со кој ќе се замени суспендираниот ДУП. | Опасност од предизвикување на спротивен ефект, наспроти замислата на законодавецот за воведување контролни механизми. Се појавува можност за зголемување на ризиците од појава на корупција и судир на интереси. | Нема потреба од од толку кратки рокови за донесување на нов ДУП, напротив треба да бидат ефективни новите ДУПови , а поради краткиот рок се јавува можност за постапка која не е во согласност со законот. | Министерство за транспорт и врски (МТВ), единици на локална самоуправа ДКСК | 1 година | Препораката не е спроведена |
| | Секторот за јавни набавки, согласно членот 45, се однесува на изборот на изработувач на урбанистичкиот план, односно самата постапка на избор.<br>Донесувањео и промените на урбанистичките планови се финансирани од буџетот на општината, изборот на изработувач на планот се врши преку јавен повик спроведен од комисија формирана од градоначалникот.<br>Понудите се отвараат во рок од пет работни дена, па потоа се разгледуваат и се изготвува извештај со предлог за избор на изработувач на планот, кој | Главниот ризик од појава на корупција и судир на надлежности се однесува на големите дискрециони овластувања на градоначалникот кој ја донесува одлуката за избор од една страна, а од друга страна тој ја формира комисијата што прави евалуација на понудите и доставува предлог за избор до градоначалникот.<br>Нема посебни критериуми и начинот на избор на комисијата, само го има составот во овој закон, дефинирано е | Намалување на дискреционата моќ на градоначалникот , не смее да ја донесува одлуката за избор на изработувач на планот и истовремено да формира комисија за евалуација на понудите.<br>Дефинирање на составот на комисијата ,колку членови треба да има комисијата, новната стручна подготвеност како и работно искуство. | Министерство за транспорт и врски (МТВ), единици на локална самоуправа ДКСК | 1 година | Препораката е делумно спроведена |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | се доставува до градоначалникот. Тој ја носи одлуката за избор на изработувачот на планот. | само да има двајца архитекти, другиот состав е непознат, постои ризик архитектите урбанисти да не бидат мнозинство во комисијата, но и нема не постојат критериуми и точен број на другите членови од комисијата кои се компетенти за да ја вршат оваа функција | | | | |
| 12. | Сите органи се должни да ги стават на располагање своите податоци во врска со целиот прпцес за успешна постапка за урбанистичкото планирање.<br><br>Согласно член 22 постапката се продолжува, доколку не се донесе планот во предвидениот рок, доколку е постапено спротивно предвидена е само прекршочна казна во висина од 2000 евра за градоначалникот, или за овластеното лице кое ја води постапката за донесување на планот.<br><br>Согласно членот 47 каде што е предвидено е дека органите се должни да ги дадат сите податоци кои | Нема определено временски период за колку се продолжува, што е голема правна празнина во законскиот текст. Во законот не постои одредба како да се докаже дека органот ги потребните податоци, напротив законодавецот регулирал дека доколку нема такви податоци постаката може да продолжи и без нив. Законот не содржи одредба која ќе уреди кој субјект би ја носел одговорноста за штетата и во каква постапка, во ситуација кога штетните последици се | Потребно е органот да докаже дека не располагал со потребните податоци ако не ги прибавил, со цел да се заврши целата постапка за урбанистичко планирање.<br><br>Доколку не докаже одговорност треба да сноси директорот односно раководителот на органот,и дефинирање на санкцијата, против органо и одговорното лице кое го претставува . | Министерство за транспорт и врски (МТВ), единици на локална самоуправа, ДКСК | 1 година | Препораката не е спроведена |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | им стојат на располагање, затоа што останува нејасно како ќе се докаже дали им стоеле на располагање или не. | настанати како резултат на недавањето на побараните податоци, а во ситуација кога донесувачот на планот не успеал да донесе нов план во рокот предвиден со членот 23.<br>Ваквата регулатива претставува ризик за појава на корупција и судир на интереси, бидејќи органите можат намерно да не ги доставуваат податоците. | | | | |
| 13. | Согласно членот 92 од преодните и завршните одредби е предвидено дека одредбите од постојните закони кои ги уредуваат прашањата во врска со урбанистичкото планирање, што се уредени со овој закон, треба да се усогласат со одредбите од овој закон, во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон. | Влијание на еден закон преку друг ,(дерогација) како lex specialis, lex superiorилиlex posterior. Ова укажува на постоењето реални проблеми во практиката со неизедначеност и синхронизираност на релативно големиот број закони и подзаконски акти. | Синхронизација на преодните и завршните одредби, не постои нивна поврзаност за да овие одредби бидат толкувани како една целина. | Министерство за транспорт и врски (МТВ), единици на локална самоуправа, ДКСК | 1 година | Препораката не е спроведена |

**Табела 2. Правилник за урбанистичко планирање Број на Службен весник на РСМ: 225 од 18.09.2020**

| | Анализа | Ризик | Препорака | Надлежни институции | Рок | Мониторинг |
|---|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Согласно член 1 став 4 вели:” Правилникот за урбанистичко планирање го пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањетона просторот по извршена стручна расправа” | Законот не навлегува подетално што значи стручната расправа, начин на организирање на истата, и начин на избор на учесниците, односно кој има право да учествува на истата и други слични одредби кои се од значење за процесот на транспарентност. Голема дискрециона моќ на Министерот за транспорт и Врски, која е уредена со овој правилник. Ризик: Правилникот, сам по себе е ризик за појава на корупција и судир на интереси, поради можноста за различни толкувања и судири во практиката. Законот треба да биде изворот на правото како би се минимизирала потребата од интервенции во текстот, да се ограничи влијанието на другите прописи врз урбанизмот, како и да се прецизираат надлежностите на сите органи, тела и институции кои се вклучени во процесот на урбанистичкото планирање. | Потребна е синхронизација на законските одредби, да се избенуваат носење на правилници и други подзаконски акти. | Министерство за транспорт и врски (МТВ), единици на локална самоуправа, ДКСК | 1 година | Препораката не е спроведена |
| 2. | Законот е донесен 2020 година, не постои детално уредување за тоа што е стратегиско значење, кои градби имаат општинска природа | Постои можност за различно толкување и различна примена на овие одредби | Потребна е синхронизација на законските одредби, да се избенуваат носење на правилници и други подзаконски акти.<br>Но, според сегашната состојба ќе биде неопходно носење на нов правилник за да се синхронизираат законските норми. | Министерство за транспорт и врски (МТВ), единици на локална самоуправа, ДКСК | 1 година | Препораката не е спроведена |
| 3. | Согласно член 2: Отсуството на дефиницијата на бруто – површина ,нема детална регулатива за тоа што и колку е “бруто површина“ | Не се прецизира што се подразбира под бруто површина, нема регулација, ниту со подзаконски акт | Недефинираните законски одредби го нарушуваат принципот на добро владеење што ке придонесе за зголемување на дискреционите овластувања и појава на корупција.Потребно е категорична | Министерство за транспорт и врски (МТВ), единици на локална самоуправа, | 1 година | Препораката не е спроведена |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | дефиниција на тоа што се подразбира под бруто површина. | ДКСК | | |

**Табела 3. Законот за градење, Службен весник на Република Македонија“ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15,226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 18/20 и 279/20).**

| | Анализа | Ризик | Препорака | Надлежни институции | Рок | Мониторинг |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Законот за градење од 2009 година до сега има 35 измени | Измените се показател на недоволната регулација на законскиот текст, па се јавува потреба од донесување на подзаконски акти и правилници. На овој начин се зголемува ризикот од корупција. | Потребна е синхронизација на законските одредби,да се минимализира потребата од носење на правилници и други подзаконски акти | Министерство за транспорт и врски (МТВ), единици на локална самоуправа ДКСК | 1 година | Препораката не е спроведена |
| 2. | Издавањето на на градежни дозволи и спроведувањето на надзорот над градењето, како и исполнувањетона урбанистичките и градежните стандарди, е | Можност за одоговлекување на постапката за издавање на одобрение за градење од страна на овластени лица, без можност да биде поведена постапка | Потребно е намалување на дискреционите овластувања на локалната власт, строга контрола од страна на тело кое е независно од локалната власт доколку се одоговлекува постапката за добивање на одобрение за градење | Министерство за транспорт и врски (МТВ), единици на локална самоуправа, ДКСК | 1 година | Препораката не е спроведена |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | пропишано во закон но голема дискрециона моќ во овој процес има градоначалникот | | | | | |

**Табела 4. Анализа на ризикот од корупција на Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 275/19)**

| | Анализа | Ризик | Препорака | Надлежни институции | Рок | Мониторинг |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Законот за Градежно Земјиште е донесен во 2015 година е менуван 7 пати | Измените се показател на недоволната регулација на законскиот текст, па се јавува потреба од донесување на подзаконски акти и правилници. На овој начин се зголемува ризикот од корупција. | Потребна е синхронизација на законските одредби,да се минимализира потребата од носење на правилници и други подзаконски акти | Министерство за транспорт и врски (МТВ), единици на локална самоуправа, ДКСК | 1 година | Препораката не е спроведена |
| 2. | Секој субјект кој е сопственик на најмалку 30% од определена парцела има право да направи откуп на целата парцела ,под услов таа да е во сопственот на државата. За реализација на оваа | Создавањето на урбанистички план и исцртувањето на градежните парцели за едно лице наменски се стекне со 30% сопственот за да може да си ја дооформи целата парцела е ризикот од корупција | Потребно е намалување на дискреционите овластувања Министерот за транспорт и врски, бидејќи постои ризик од корупција со цел да се направи спојување ,откуп, дооформување на градежна парцела. Потребно е зголемување | Министерство за транспорт и врски (МТВ), единици на локална самоуправа, ДКСК | 1 година | Препораката не е спроведена |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | постапка се прави непосредна спогодба склучена со Министерството за транспорт и врски. Постои можност сопственикот да направи раздвојување и спојување на парцелата. Земајќи го предвид фактот дека постапката за откуп на остатокот од парцелата се врши преку непосредна спогодба, постои голема концентрација на моќ во Министерството за транспорт и врски. | | на транспарентноста во овој процес. | | | |
| 3. | Финансирањето на единиците на локалната самоуправа од сопствени извори е охрабрување да се прават градежните активности за движењето на имотот. Локалната власт со оглед на претходното тенденциозно го зголемува процентот на изграденост, зголемување на големината на постоечките објекти, изградба на нови објекти, па дури и заменување на индивидуалните домови со згради. | Не постои доволна грижа за квалитетот на животната средина и занемарувајки го Законот за урбано зеленило(ЗУЗ). Кој беше донесен во 2018 и има една измена во 2020 година, со цел да се неутрализира негативното влијание на градежната експанзија врз животната средина и урбаното зеленило. | Согласно членовите 19 и 20, ЗУЗ, предвидува определени стандарди односно мора да биде испланирано колкав процент на зеленило треба да има по глава на жител, во една градежна парцела.<br>Потребно е строго да се почитува ЗУС, зголемување на транспарентноста во целиот процес и контрола над локалната власт , со намалување на дискреционата мок, односно поделба на оваа моќ помеѓу неколку органи кои ќе вршат меѓусебна контрола. | Министерство за транспорт и врски (МТВ), единици на локална самоуправа, ДКСК | | Препораката не е спроведена |

## Библиографија


1. Влада на РСМ. Достапно на:https://vlada.mk/
2. Влада на РСМ, Министерства. Достапно на: https://vlada.mk/vlada-ministerstva
3. Единствен национален електронски регистар на прописи на РСМ. Достапно на: https://ener.gov.mk/
4. Законот за Законот за градење. Службен весник на Република Македонија“ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15,226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 18/20 и 279/20
   Службен весник на Република Македонија“ бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 275/19 не постои имлементирање на препораките.
5. Законот за градежно земјиште, Службен весник на Република Македонија“ бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 275/19.
6. Закон за урбанистичко планирање, 2020., број на Службен весник: 32/2020 од 10.02.2020
7. Кодекс за етичко однесување за членовите на владата и носителите на јавни функции именувани од страна на владата.,2020. Достапно на: https://vlada.mk/sites/default/files/img/etichki_kodeks.pdf
8. Министерство за транспорт и врски Достапно на: http://www.mtc.gov.mk/
9. Правилник за изменување и дополнување на правилникот за урбанистичко планирање .2021. Службен весник на РСМ бр. 219 од 23.09.2021. Достапно на: https://www.slvesnik.com.mk/Issues/bccedb5ad00c4178a1e656ba125b05f0.pdf
10. Правилникот за урбанистичко планирање. 2020., број на Службен весник на РСМ: 225 од 18.09.2020
11. Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за урбанистичко планирање .,2022. Достапно на: https://ener.gov.mk/Default.aspx?item=pub_regulation&subitem=view_reg_detail&itemid=72103